Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-4082/22
07.05.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, што го утврди на седницата, одржана на 6 мај 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, а за повереници Јулијана Павковска-Боцевска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и Сузана Најкова, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа.

**Број на седница и датум:** 72, 06.05.2025 12:00
**Архивски број:** 50-4082

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.05.07 11:20:08 +02:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 07.05.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 07.05.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 07.05.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 07.05.2025

Одобрил: Хасим Муртезани,
Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Hasim Murtezani
Date: 2025.05.07 10:15:46 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 07.05.2025 09:20 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=388b320a-0266-40ca-9f9b-c6a5f4de1698&docSharePointURL=/materijali/2025/638804138366792909/Documents/act.docx&materialId=a6c1c70f-cea0-4104-97d4-e86ef5645eb5** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и

м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа

ПОВЕРЕНИЦИ: Јулијана Павковска - Боцевска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа и

Сузана Најкова, раководител на сектор во Министерството за локална самоуправа

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа

Скопје, мај 2025 година

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Локалната самоуправа е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Со Уставот е утврдено правото на граѓаните на локална самоуправа, а притоа се гарантира самостојност на единиците на локалната самоуправа при вршењето на надлежностите. Одделот V од Уставот ја дефинира основната правна и институционална рамка за локалната самоуправа, обезбедувајќи на граѓаните право на учество во локалното управување и прецизно утврдувајќи ги надлежностите и организацијата на општините и Градот Скопје. Овие одредби го поставуваат темелот за развој на демократијата на локално ниво, при што локалните власти добиваат автономија и одговорност за управување со прашањата од локално значење, додека државата ја задржува улогата на вршење надзор и давање на поддршка. Уставните одредби се разработени со системскиот Закон за локалната самоуправа, а потоа и со други засебни закони со кои се доуредуваат специфични аспекти на функционирање на системот на локалната самоуправа, како што се Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, Законот за Градот Скопје и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Законот за локалната самоуправа е структурно усогласен со Европската повелба за локалната самоуправа на Советот на Европа како и со пропишаните уставно-правни темели на локалната самоуправа, концептот и рамката на локалната самоуправа, како и други структурни аспекти за воспоставување и развој на локалната самоуправа и локалната демократија.

Со Законот за локалната самоуправа се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Северна Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Направената партиципативна оценка на спроведувањето на законот во изминатите повеќе од две децении, како и други поврзани анализи и извештаи резултираа со наоди за постоење на предизвици во спроведувањето на дел од одредбите на законот. Истовремено, во изминатиот период направени се усогласувања со правото и стандардите на Европската Унија во низа засебни закони со кои се доуредуваат надлежностите на локалната самоуправа, што налага потреба овие измени да бидат соодветно рефлектирани во Законот за локалната самоуправа како системски закон со кој се уредува делокругот на надлежности на локалната самоуправа.

Воочените предизвици се првенствено поврзани со постоење на правни празнини, недоречености и недостатоци кои влијаат врз одредени функционални аспекти на системот на локалната самоуправа и налагаат

потреба од подобрување на текстот на законот. Ова особено се однесува на транспарентноста и отчетноста на органите на општините – градоначалниците и советите како и нивните јавни служби, на учеството на граѓаните во одлучувањето за прашања од јавен интерес во општините, механизмите за осигурување на комунален ред во општините и ефикасен инспекциски надзор, создавањето на еднакви можности за жените и мажите, спречувањето на корупцијата и конфликтот на интереси, и дигитализацијата на општинските услуги.

Еден од најсуштинските предизвици е недостатокот на силен но истовремено демократски, фер и правичен механизам за осигурување на отчетност на градоначалниците, а кој би овозможил покренување на референдумско прашање за нивна доверба. Во Законот за локалната самоуправа не е уредена постапка за покренување на прашање за доверба или за отповикување на градоначалникот. Градоначалниците се избираат директно од страна на граѓаните, но не постои механизам за нивно отповикување пред истекот на нивниот мандат, освен ако сами не поднесат оставка, во случај на смрт, ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело со казна затвор во времетраење над шест месеци, ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност, ако настапи случај на неспоивост во вршење на функцијата, во случај на неоправдано отсуство подолго од шест месеци и ако престане да биде жител на општината. Со пополнување на оваа правна празнина која настана со отстранување на поврзана одредба од Законот за локалната самоуправа од 1995 година, би се овозможило на граѓаните да активираат референдумски процес на отповикување на градоначалниците доколку не се задоволни од нивната работа.

Последниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2024 година повикува на итна реформа на системот на локалната самоуправа која треба да се спроведе низ засилен дијалог на центаралната со локалните власти. Партиципативната подготовка на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа е конкретен чекор во насока на спроведување на оваа препорака на Европската Комисија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа е да се подобрат функционалните аспекти на системот на локалната самоуправа, да се надминат правните празнини, недоречености и воочени потреби за усогласување во Законот за локалната самоуправа низ добро осмислени, аргументирани и целисходни нормативни интервенции.

Посебните цели на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа се однесуваат на потребата да се унапреди транспарентноста и отчетноста на градоначалниците (преку уредување на постапка за референдумско изјаснување за доверба на градоначалниците), на советите како и на јавните служби во општините, учеството на граѓаните во одлучувањето за прашања од јавен интерес во општините, механизмите за осигурување на комунален ред во општините преку воспоставување на комунална редарска служба, воспоставување на општинските инспекторати,

унапредување на безбедноста во заедницата, и да се воспостават соодветни механизми за еднакви можности за жените и мажите, спречување на корупцијата и конфликтот на интереси, и дигитализација на општинските услуги.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Единиците на локалната самоуправа со седиште во град треба да определат дополнителни средства од основниот буџет на општината за плата и надоместоци за главниот архитект на градот и организациските единици за комунален ред, како и за обезбедување на примена на одредбите кои се однесуваат на транспарентноста, обезбедување на вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво.

Единиците на локалната самоуправа во рамките на своите буџети треба да обезбедат финансиски средства за имплементација на предложените одредби.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на одредбите од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа ќе се обезбеди од буџетите на единиците на локалната самоуправа.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), во член 2 во точката 12 сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 13 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и".

По точката 13 се додава нова точка 14, која гласи:

„14. „Планирање, поттикнување и следење на развојот на локалната самоуправа" е процес на спроведување на политики, програми, мерки и активности кои обезбедуваат економски, социјален и еколошки развој на локалната заедница, без да се загрози способноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби."

Член 2

Во член 8 во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и да обезбеди слободен пристап до информации од јавен карактер во согласност со закон."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Министерот надлежен за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа ги пропишува минималните стандарди за видот на документите и начинот на кој истите треба да бидат објавени на веб страниците на општините."

Член 3

Во член 11 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци, такси и други приходи и приливи утврдени со закон."

Член 4

Насловот на членот 12 и членот 12 се менуваат и гласат:

„Планирање, поттикнување и следење на развојот на локалната самоуправа

(1) Републиката обезбедува средства за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, во согласност со критериумите и постапката утврдени со закон.

(2) Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа спроведува процес на планирање, поттикнување и следење на развојот на локалната самоуправа согласно закон."

Член 5

Во член 14 ставот (1) се менува и гласи:

„Во вршењето на своите надлежности, општините меѓусебно соработуваат согласно закон."

Член 6

Во член 22 ставот (1) се менува и гласи:

„Општините се надлежни за вршење на следниве работи:

1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, управување со отпад, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење, како и планирање на просторот на локално ниво;

3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; собирањето, одведувањето и пречистувањето на отпадните води; собирањето, одведувањето и третманот на атмосферските води; испораката на технолошката вода; поставување и одржување на јавното осветлување; одржувањето на јавната чистота, отстранување на напуштениот отпад и одржување на јавните санитарни јазли; селектирање, собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад и депонирање на уредени депонии согласно со закон; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; производство, дистрибуција и/или снабдување со топлинска енергија; управувањето со гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на општинските патишта и улици во населените места и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот и изградбата и одржувањето на сообраќајна сигнализација на општинските патишта и улици; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните и хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на отворените и затворените пазари; чистењето на оџаците; планирањето, проектирањето, подигањето, одржувањето, заштитата и реконструкцијата на зеленилото, парковите, зоолошките градини, парк-

шумите и спортско-рекреативните површини; собирање на бездомните кучиња и нивно сместување во прифатилишта; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови на населените места; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. Културата – институционалната и финансиската поддршка на општинските културни установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето и промоцијата на разновидни специфични форми на творештво, поддршка за развојот на културните и креативните индустрии низ воспоставување на партнерство со граѓанскиот и приватниот сектор; негување и промоција на културните вредности и учество во заштитата на културното наследство;

6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;

7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки, центри за ран детски развој и домови за стари лица и јавна установа – центар за социјални услуги во домот или заедницата (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); основање на општински совети за социјална заштита и подготовка на социјални планови со инклузивни мерки и активности за социјална заштита и грижа за лицата со попреченост, маргинализираните лица, старите лица и други социјално ранливи лица, децата без родители и родителска грижа, децата со воспитно-социјални проблеми, децата со попреченост, децата од еднородителски семејства, децата на улица, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, превенција и заштита од насилство врз жените и семејното насилство; подигнување на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; поттикнување на социјалното претприемништво; поттикнување на младинското организирање и учество на младите во процесот на креирање на локалните младински политики и донесување одлуки кои се однесуваат на нив, развој и обезбедување на социјални услуги, иновативни или интервентни социјални услуги. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;

8. Образованието - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон; организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови; спроведување на мерки за инклузивно образование; прилагодување на физичкиот простор и наставните помагала кон учениците со попреченост; воспоставување на дуално образование преку соработка со приватниот сектор и создавање на кариерни центри во средните училишта; спречување насилство во училиштата и одржување на безбедна училишна средина;

9. Здравствената заштита - управувањето со мрежата на јавни установи и објекти од примарната здравствена заштита, со обезбедување застапеност на локалната самоуправа во управните одбори на јавните здравствени установи; спроведување на програми за здравствено воспитување и промоција на здрави животни навики; унапредување на здравјето на населението преку превентивни мерки и активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина, вклучително контрола на квалитетот на водата,

воздухот и хигиенските услови во јавните простории; надзор во спречувањето на појавата, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите; обезбедување помош и поддршка за лица со посебни здравствени потреби, вклучително лица со ментални нарушувања, жртви на семејно насилство, зависници од психоактивни супстанции и други ранливи категории; учество во планирањето и спроведувањето на мерки за превенција, подготвеност, одговор и опоравување од здравствени кризи на локално ниво; како и вршење на други надлежности утврдени со закон;

10. Спроведувањето на подготовки и преземањето мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив; учество во системот за управување со кризи и системите за рано предупредување;

11. Противпожарната заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици и поттикнување на основање на доброволни противпожарни друштва во општините;

12. Комуналниот ред - одржување на комуналниот ред преку воспоставување на организациска единица за комунален ред, во согласност со закон;

13. Безбедноста на заедницата - основање на локални совети за превенција и други активности за безбедност на граѓаните со кои се унапредува соработката и координацијата помеѓу општините, Министерството за внатрешни работи и граѓаните;

14. Еднаквите можности на жените и мажите – мерки за создавање на еднакви можности на жените и мажите и воспоставување на механизми за нивно спроведување во општините;

15. Надзорот над вршењето на работите од нејзина надлежност и

16. Други работи определени со закон."

Член 7

По членот 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

„Член 24-а

(1) Општината спроведува мерки и активности за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања и службената должност и за спречување на судирот на интереси согласно закон.

(2) Електронското управување, обезбедувањето на електронски услуги и користењето на податоците од надлежност на општината се врши согласно закон."

Член 8

Во член 26 во ставот (3) процентот „10%" се заменува со процентот „5%".

Во ставот (4) бројот „90" се заменува со бројот „60".

Член 9

Во член 28 во ставот (1) по зборот „општината," се додаваат зборовите „ за доверба на градоначалникот,".

Член 10

Во член 29 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „согласно закон,“

Во став (2) во алинејата 2 зборовите „60 дена“ се заменуваат со зборовите „15 дена, а за сложени прашања во рок од 30 дена“.

Член 11

Членот 30 се менува и гласи:

„(1) При изготвувањето на буџетот на општината, развојните стратегии, програми, планови и проекти на општината, советот, односно градоначалникот претходно обезбедуваат активно вклучување на граѓаните преку организирање форуми во заедницата, јавни трибини, спроведување анкети или барање предлози и мислења од граѓаните.

(2) Министерот надлежен за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа го пропишува начинот на организирање на форумите во заедницата, јавните трибини, анкетите и прибирањето на предлози и мислења од граѓаните.“

Член 12

Во член 34 пред зборовите „Бројот на членовите“ се додава бројот „(1)“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, за секоја општина го утврдува бројот на членовите на советот, врз основа на официјалните податоци за бројот на населението по општини од последниот извршен попис на населението, објавени од Државниот завод за статистика.“

Член 13

Во член 42 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Информациите за седниците и работата на советот на општината, како и записниците од јавните седници на советот, општината ги објавува на веб-страницата на општината или на други дигитални канали за јавна комуникација и информирање.“

Член 14

Во член 43 во ставот (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и на други носители на јавни функции на локално ниво кои се одговорни пред советот.“

Член 15

Во член 50 став (1) точката 10 се менува и гласи:

„Го известува советот за прашања од негова надлежност најмалку еднаш годишно.“

Член 16

Во член 54 став (1) во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По алинејата 6 се додаваат три нови алинеи 7, 8 и 9, кои гласат:

„- ако во законски предвидениот рок не предложи годишен буџет;

- ако во законски предвидениот рок не предложи годишна сметка на буџетот на општината;

- ако е донесена одлука за недоверба на градоначалникот од страна на граѓаните."

Член 17

По членот 54 се додава нов член 54-а и нов наслов, кои гласат:

„Член 54-а

Покренување на прашање за доверба на градоначалникот

(1) Граѓаните преку референдум можат да покренат прашање за доверба на градоначалникот, еднаш во мандатот на градоначалникот, но не во првата година и во последната година од мандатот.

(2) Советот на општината е должен да распише референдум за прашање за доверба на градоначалникот на барање од најмалку 20% од избирачите во општината.

(3) Одлуката за недоверба на градоначалникот е донесена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од една третина од вкупниот број на граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список за соодветната општина, каде што се спроведува референдумот.

(4) Распишувањето и спроведувањето на референдумот од став (1) на овој член се врши согласно закон со кој се уредува референдумот и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните."

Член 18

Во член 57 ставот (3) се менува и гласи:

„Општината може да организира организациски единици за комунален ред и за инспекциски надзор согласно закон."

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Во општината со седиште во град, градоначалникот може да именува главен архитект на градот согласно закон.

Член 19

Во член 58 во ставот (1) зборот „државен" се заменува со зборот „административен".

Во ставот (2) зборовите „Законот за државните службеници" се заменуваат со зборовите „Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор".

Член 20

Во член 75 став (1) во точката 3 сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Точката 4 се менува и гласи:

„Градоначалникот има доставено предлог годишен буџет во законски предвидениот рок, а советот не го донесе буџетот во законски утврдениот рок;“.

По точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5. Градоначалникот има доставено годишна сметка на буџетот во законски предвидениот рок, а советот не ја донесе годишната сметка на буџетот во законски утврдениот рок.“

Член 21

Низ целиот текст на Законот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 22

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

Посебните закони со кои се уредуваат надлежностите на единиците на локалната самоуправа ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 24

Општините, градот Скопје и општините во градот Скопје ќе ги усогласат одредбите од статутите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје со одредбите на овој закон и со посебните закони во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за локалната самоуправа.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од првите наредни локални избори.“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на законот се врши дополнување на членот 2 од Законот за локалната самоуправа со нова точка 14 со која се објаснува значењето на новата одредба „Планирање, поттикнување и следење на развојот на локалната самоуправа", со која ќе се препознае обврската и активноста на МЛС за следење и поттикнување на локалниот одржлив развој обврска за подготовка на „Програма за одржлив локален (или општински развој) и децентрализација". Предложената дефиниција се совпаѓа со дефиницијата за одржлив развој дадена од Брунтландовата Комисија во нејзиниот извештај „Нашата заедничка иднина" од 1987 година, каде што одржливиот развој се дефинира како развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ја загрози способноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби. Во контекст на процесот на пристапување во Европската Унија треба да се има во предвид дека одржливиот развој е фундаментална цел на Европската Унија, како што е утврдено во член 3(3) од Договорот за Европската унија. По однос на постигнувањето на Целите за одржлив развој (SDGs) ЕУ упатува на сознанието дека во голема мера истото зависи од активното учество на локалните и регионалните власти. Затоа, Европската Унија и нејзините земји-членки поддржуваат реформи за децентрализација со цел зајакнување на локалните власти, што води кон подобро управување и подобри развојни резултати.

Со членот 2 од Предлогот на законот се врши дополнување на постојниот член 8 од Законот за локалната самоуправа. Членот 8 од Законот за локалната самоуправа со кој се уредува обврската за органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината да ги информираат граѓаните за својата работа не рефлектира на законската материја уредена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на воочената потреба од утврдување на минимум стандарди на транспарентност на општините. Целта на оваа измена е да се усогласи Законот за локалната самоуправа со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и воедно да се унифицираат општините во делот на обезбедување на транспарентност, на начин што минимум стандардите ќе се дефинираат во еден подзаконски акти -ПРАВИЛНИК.

Со членот 3 од Предлогот на законот се менува ставот 3 на членот 11 со цел негово усогласување со Законот за буџетите и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Со членот 4 од Предлогот на законот се менува насловот и целиот член 12 на Законот за локалната самоуправа. Постојниот член 12 се однесува на развојот на недоволно развиените подрачја на општините, а во Законот за рамномерен регионален развој е уредена материја поврзана со развојот на подрачјата со специфични развојни потреби како заменски термин за недоволно развиени подрачја, па оттаму и потребата од терминолошко усогласување. Дополнително се имаше во предвид и потребата во Законот за локалната самоуправа да бидат уредени основните на процесот на спроведување на политики, програми, мерки и активности кои обезбедуваат економски, социјален и еколошки развој на општините, којшто процес се спроведува од страна на Министерството за локална самоуправа како

надлежно министерство за следење на развојот и предлагање на мерки за унапредување на локалната самоуправа, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа. Во процесот на консултации беше препознаена потребата оваа материја да се уреди посистемски, но без значително проширување на постојниот текст на законот. Со предложената одредба се создава цврст темел за идно уредување на планирањето и следењето на развојот на локалната самоуправа преку посебен закон.

Со членот 5 од Предлогот на законот се врши изменување на ставот 1 од членот 14 на Законот за локалната самоуправа.

Со членот 6 од Предлогот на законот се менува ставот 1 на членот 22 од Законот за локалната самоуправа. Членот 22 има потреба од терминолошко усогласување на називи на надлежности со нормативни решенија кои се на сила во низа засебни закони. Истотака, во овој член на законот со кој се уредува делокругот на општинските надлежности не се спомнати надлежностите на општините кои се уредени со засебни закони - Закон за еднакви можности на жените и мажите. Членот 22 не рефлектира и на безбедноста на заедницата и поврзаните облици на координација и соработка на општините, полицијата и граѓаните, и не е опфатена и можноста за поттикнување на основање на доброволни противпожарни друштва во општините и одржување на комунален ред преку воспоставување на комунална редарска служба. Воглавно изменување на овој став се интервенира за прецизирање на дел од надлежностите и усогласување со термини од материјални закони.

Со членот 7 од Предлогот на законот се додава нов член после членот 24 од Законот за локалната самоуправа, со два нови ставови со кои би биле опфатени мерки и активности во насока на спречување на корупција како и за судирот на интереси, како и за електронското управување и електронските услуги во надлежност на општините и користењето на податоците кои ги генерираат општините.

Со членот 8 од Предлогот на законот се врши намалување на процентите од 10% на 5% за граѓанската иницијатива, како и намалување на рокот од 90 на 60 дена во кој рокот советот е должен да ја одржи расправата по поднесена граѓанска иницијатива, кои се утврдени во членот 26 од Законот за локалната самоуправа. По однос на облиците на учество на граѓаните, анкетата во општините која ја спроведе Министерството за локална самоуправа во втората половина од минатата година, а на која одговорија 67 од вкупно 81 единица на локалната самоуправа, резултираше со информација за спроведени вкупно 20 граѓански иницијативи во периодот 2023 – прва половина на 2024 година. Високиот праг од најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање (член 26/став 3) е идентификуван како клучна причина за малиот број на граѓански иницијативи. Истовремено, граѓаните и нивните здруженија бараат и намалување на рокот од 90 дена за расправа во советот на општината и за информирање на граѓаните за својата одлука.
Со членот 9 од Предлогот на законот се дополнува членот 28 од Законот за локалната самоуправа и се додава прашањето за доверба на

градоначалникот, како едно од прашањата за кои граѓаните можат да одлучуваат преку референдум.

Со членот 10 од Предлогот на законот се предлага намалување на роковите утврдени во членот 29 од Законот за локалната самоуправа во кои градоначалникот е должен да постапи по поднесени претставки и предлози, со што се врши усогласување на роковите за постапување во насока на поефективно работење а во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози.

Со членот 11 од Предлогот на законот се врши измена на членот 30 од Законот за локалната самоуправа. Во споредба со граѓанските иницијативи, во 41 од 67 анкетирани општини се одржани Буџетски форуми во заедницата, како алатка за директно и активно вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки на општинско ниво. Иако начинот на спроведување на Форумите во заедницата е уреден со статутите на над 70% од единиците на локалната самоуправа, оваа алатка и нејзината примена не се уредени со Законот за локалната самоуправа.

Со членот 12 од Предлогот на законот се додава нов став на членот 34 од Законот за локалната самоуправа со кој се дава директен законски основ Владата да донесе одлука за утврдување на бројот на членовите на советите на општините имајќи ги предвид официјалните податоци за бројот на населението по општини од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија. Бројот на членовите на советот зависи од бројот на жителите во општината, меѓутоа во членот 34 од Законот за локалната самоуправа не е предвидена можност за измени во бројот на членовите доколку се промени бројот на жителите во општините. Одлуката за утврдување на бројот на членовите на советите која што е донесена во 2004 и во 2013 се заснова на членот 17 став 2 од Законот за територијална организација на локалната самоуправа, којашто всушност е дел од Преодните одредби и не може да биде основ за донесување на други вакви одлуки од страна на Владата, освен на првичната од 2004 година. Од тие причини потребно е да биде нормиран директен основ во Законот за локалната самоуправа за утврдување на бројот н а членовите на советот, врз основа на официјалните податоци за бројот на населението по општини од последниот извршен попис на населението, објавени од Државниот завод за статистика.

Со членот 13 од Предлогот на законот се врши дополнување на членот 42 од Законот за локалната самоуправа со нов став. По однос на јавноста во работата на советот на општината, со членот 42 не е специфициран начинот на објавување на информациите за седниците и работата на советот на општината и не е утврдена директна обврска за општините да ги објавуваат записниците од јавните седници на советот. Овој недостаток на прецизно законско решение за последица има нестандарден пристап кон овозможување на јавност во работата на советот, кој се разликува од општина до општина.
Со членот 14 од Предлогот на законот се врши дополнување на ставот 2 од членот 43 од Законот за локалната самоуправа. Во однос на правата и должностите на членовите на советот на општината, во практика советниците поставуваат прашања покрај на градоначалникот и на други носители на

јавни функции на локално ниво кои се одговорни пред советот, иако таа можност не уредена во законот. Оттаму и потребата овој член од законот да рефлектира на веќе создадена практика во општините.

Со членот 15 од Предлогот на законот се менува точката 10 на став 1 од членот 50 на Законот за локалната самоуправа. По однос на надлежностите на градоначалникот утврдена е потреба од допрецизирање на редовноста на известување на градоначалникот за извршувањето на своите надлежности, кон советот на општината.

Со членот 16 од Предлогот на законот се додаваат три нови алинеи на ставот 1 на членот 54 од Законот за локалната самоуправа. Имајќи предвид дека во изминатиот период, во практиката настануваа ситуации на кохабитација (градоначалник и совет од различни политички субјекти), градоначалникот може преку недоставување на предлог-буџет и завршна сметка да предизвика ситуација која ќе доведе до распуштање на советот. Оваа измена е предложена за да се спречат ваквите ситуации и да се воспостави баланс на политичката одговорност меѓу советот и градоначалникот, со цел да се осигура дека овие органи заедно ја преземаат одговорноста за навремено усвојување на буџетот и завршната сметка на општината.

Со членот 17 од Предлогот на законот после членот 54 од Законот за локалната самоуправа се додава нов член 54-а. Во Законот за локалната самоуправа не е уредена постапка за покренување на прашање за доверба или за отповикување на градоначалникот. Градоначалниците се избираат директно од страна на граѓаните, но не постои механизам за нивно отповикување пред истекот на нивниот мандат, освен ако сами не поднесат оставка, во случај на смрт, ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело со казна затвор во времетраење над шест месеци, ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност, ако настапи случај на неспоивост во вршење на функцијата согласно со Законот за локалните избори, во случај на неоправдано отсуство подолго од шест месеци и ако престане да биде жител на општината. Во Законот за локалната самоуправа од 1995 година постоеше одредба со која се овозможуваше покренување на доверба на градоначалникот. Овој предлог би вовел нова димензија на одговорност за градоначалниците, овозможувајќи им на граѓаните да го активираат процесот на отповикување доколку не се задоволни од работата на нивниот избран претставник. Притоа со предложените одредби се осигурува дека отповикувањето нема да биде честа појава, односно би се применувало во случаи на значително незадоволство од работата на градоначалникот.

Со членот 18 од Предлогот на законот се менува ставот 3 на членот 57 од Законот за локалната самоуправа и се додаваат два нови става 5 и 6 на овој член. Со оглед на проблемите кои се јавуваа постојано во изминатиот период со одржувањето на јавната чистота во општините, неопходно беше да се изврши законско унапредувањето на општинскиот надзор врз спроведувањето на комуналниот ред во општините преку организирање на организациски единици за комунален ред. Дополнително, заради подобрување на состојбите со урбанистичкото планирање во градовите беше неопходно повторно воведување на позицијата главен архитект на градот.

Со членот 19 од Предлогот на законот се врши терминолошко усогласување поимите дадени на членот 58 од Законот за локалната самоуправа со Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор.

Со членот 20 од Предлогот на законот се врши измена на точката 4 на член 75 од Законот за локалната самоуправа и се додава нова точка 5. Во однос на условите за распуштање на советот и кумулативното утврдување на буџетот и годишната сметка на буџетот како еден од основите за распуштање на советот, а при тоа имајќи во предвид дека се работи за два посебни документи, се јави за потреба недонесувањето на тие два документи да се одвои во посебни точки, како дел од ставот (1) на членот 75.

Со членот 21 од предлогот на законот врши изменување на сите одредби од Закон за локалната самоуправа во кои е содржано уставното име на државата.

Со членовите 22, 23, 24 од Предлогот на законот се утврдуваат рокови за донесување на подзаконските акти предвидени со предлог на законот, усогласување на одредбите од статутите на општините и усогласување на посебените закони со кои се утврдуваат надлежности ан општините.

Со членот 25 од Предлогот на законот се овластува Законодавно-првната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречисен текст на Законот за локалната самоуправа.

Со членот 26 се предвидува одложна примена на Предлогот на законот, од првите наредни локални избори.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа ќе се подобрат функционалните аспекти на системот на локалната самоуправа и ќе се надминат правните празнини, недоречености и воочени потреби за усогласување во Законот за локалната самоуправа. Воедно ќе се унапреди транспарентноста и отчетноста на градоначалниците (преку уредување на постапка за референдумско изјаснување за доверба на градоначалниците), на советите како и на јавните служби во општините, учеството на граѓаните во одлучувањето за прашања од јавен интерес во општините, механизмите за осигурување на комунален ред во општините преку

воспоставување на организациски единици за комунален ред и за инспекциски надзор, унапредување на безбедноста во заедницата, и ќе се воспостават соодветни механизми за еднакви можности за жените и мажите, спречување на корупцијата и конфликтот на интереси, и дигитализација на општинските услуги.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 1

Со овој закон се уредуваат: надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната самоуправа; утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Поимник

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Општина" е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон;
2. "Прописи" се општи акти со кои советот го уредува вршењето на надлежностите на општината;
3. "Меѓународна соработка на општините" е секое дејствие на општините од Република Македонија преземено во согласност со закон, заради воспоставување соработка меѓу нив и локалните заедници или локалните власти на една или повеќе други држави, како и членување на нивните асоцијации во меѓународни организации на локалните заедници или локалните власти;
4. "Процес на одлучување" е збир на активности на советот кои се состојат од: дефинирање и определување на прашања кои треба да се решат; предлози и решенија; разгледување и донесување на прописи и мерки;
5. "Непосредно учество на граѓаните" е поединечно или колективно вклучување на жителите на општината во одлучувања за работи од локално значење во различни нивоа на одлучување;
6. "Надлежност на општината" е збир на работи од јавен интерес од локално значење кои општината, во согласност со закон, има право да ги врши на своето подрачје и е одговорна за нивното извршување;
7. "Делегирање на извршувањето" е пренесување на вршењето на определени работи од надлежност на еден орган на друг орган, при што работата се врши од името, по упатствата и одговорноста на органот кој го пренел извршувањето;
8. "Работи од јавен интерес од локално значење" се работи од интерес на целата локална заедница или одделни нејзини делови кои се утврдени со закон;
9. "Договор за извршување на работи од јавен интерес од локално значење" е договор со кој општината овластува определено правно или физичко лице во име и во интерес на општината, да врши работи од јавен интерес од локално значење;
10. "Јавни служби" се непрофитни организации за вршење на јавни услуги (јавни претпријатија и јавни установи), кои вршат дејност од јавен интерес од локално значење;
11. "Јавни услуги" е вршење на работи од јавен интерес од локално значење за корисниците;
12. "Корисник на јавна услуга" е секое физичко и правно лице кое користи услуги од јавните служби и
13. "Одговорност" е обврската на општината, односно лицата избрани на јавни функции на локално ниво за штетата предизвикана на трети лица од постапките или пропустите во текот на извршувањето на нивните надлежности.

Град Скопје

Член 4

(1) Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа во која се остваруваат заедничките потреби и интереси на граѓаните што

произлегуваат од карактерот на Градот Скопје, како главен град на Република Македонија.

(2) Одредбите од овој закон се однесуваат и на Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, доколку со Законот за Градот Скопје поинаку не е уредено.

Жителство на општината

Член 6

Граѓаните на Република Македонија, кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на општината се жители на општината.

Информирање на јавноста

Член 8

(1) Органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината се должни, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, на начин утврден со статутот.

(2) Општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува, на начин и под услови уредени со статутот.

Грб и знаме на општината

Член 10

(1) Општината може да има свој грб и знаме.

(2) Грботот и знамето на општината (во натамошниот текст: грб и знаме), се разликува од грботот и знамето на Република Македонија и грботот и знамето на другите општини и Градот Скопје.

(3) Грботот и знамето се разликуваат и од грботот и знамето на другите држави, единици на локалната самоуправа на други држави и на меѓународни организации.

(4) Начинот и постапката за утврдување на грботот и знамето се уредува со статутот.

(5) Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, води регистар на грбовите и знамињата на општините во Република Македонија.

(6) Грботот и знамето можат да се употребуваат по уписот во регистарот од ставот (5) на овој член.

(7) Министерот надлежен за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, ја пропишува содржината и начинот на водење на регистерот од ставот (5) на овој член.

Финансирање на општините

Член 11

(1) Во согласност со економската политика на државата, општината се финансира од сопствени извори на приходи и други извори на финансирање.

(2) Сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци и такси утврдени со закон.

(3) Општината, во рамките определени со закон, ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите од ставот (2) на овој член.

(4) Општината се финансира и од дотации од државата и други извори на приходи, во согласност со закон.

(5) Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон.

(6) Општината, во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

(7) Изворите на приходите на општината треба да обезбедат соодветно извршување на нејзините надлежности утврдени со закон.

(8) Финансирањето на општината се уредува со закон.

Развој на недоволно развиените подрачја на општината

Член 12

Републиката обезбедува средства за развој на недоволно развиените подрачја на општината, во согласност со критериумите и на начин што е утврден со закон.

Меѓуопштинска соработка

Член 14

(1) Во вршењето на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат.

(2) Заради остварување на заедничките интереси и вршење на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби, во согласност со закон.

(3) Со цел за извршување на одделни надлежности, општините можат, исто така да формираат заеднички административни тела во одредени области, во согласност со закон.

(4) Општините можат да соработуваат и со единици на локалната самоуправа на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, како и да членуваат во меѓународни организации на локалните власти.

(5) Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа води евиденција за остварената меѓународна соработка на општините, во согласност со закон.

Територијална поделба

Член 19

(1) Територијалната поделба на Република Македонија, утврдувањето на подрачјето, имињата, седиштата и границите на општините, постапката за основање општини (спојување, поделба и промена на границите) и други прашања во врска со територијалната поделба се уредуваат со закон.

(2) Основањето на нови општини, како и промената на седиштето на општините се врши со закон.

Листа на надлежности

Член 22

(1) Општините се надлежни за вршење на следниве работи:

1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;

3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;

6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и

манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;
7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитносоцијални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;
10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и
13. Други работи определени со закон.
(2) Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.
(3) Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.

Делегирана надлежност

Член 23

(1) Органот на државната управа може да го делегира извршувањето на определени работи од своја надлежност на градоначалникот, во согласност со закон.
(2) Во случаите од ставот (1) на овој член се пренесуваат и средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за извршување на тие работи.
(3) Начинот на извршување на работите од ставот (1) на овој член може да се приспособи на локалните услови, со почитување на стандардите утврдени со закон.
(4) Органот на државната управа од ставот (1) на овој член е супсидијарно одговорен за извршувањето на делегираните работи.

Начин на извршување на надлежностите

Член 24

(1) Заради извршување на своите надлежности, општините можат да основаат јавни служби, во согласност со закон.

(2) Општината може да го делегира вршењето на одредени работи од јавен интерес од локално значење на други правни или физички лица, врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес, во согласност со закон.

(3) Општината е супсидијарно одговорна за извршувањето на работите од јавен интерес од ставовите (1) и (2) на овој член.

Граѓанска иницијатива

Член 26

(1) Граѓаните имаат право да му предложат на советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност.

(2) Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

(3) За предлогот од ставот (1) на овој член, советот е должен да расправа ако го поддржат најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

(4) Расправата од ставот (3) на овој член, советот е должен да ја одржи најдоцна во рок од 90 дена по доставената иницијатива и да ги информира граѓаните за својата одлука.

Референдум

Член 28

(1) Граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината, како и за други прашања од локално значење.

(2) Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите на општината.

(3) Советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност, по сопствена иницијатива.

(4) Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за советот.

Претставки и предлози

Член 29

(1) Секој граѓанин има право, поединечно или заедно со другите да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација.

(2) Градоначалникот е должен:

- да создаде услови за доставување претставки и предлози;

- најдоцна во рок од 60 дена, од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор и
- претставките и предлозите коишто не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

Јавни трибини, анкети и предлози

Член 30

При изготвувањето на прописите на општината, советот, односно градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

Број на членови на советот

Член 34

Бројот на членовите на советот се утврдува во зависност од бројот на жителите во општината и не може да биде помал од девет ниту поголем од 33 члена, и тоа во општините со:

| жители | членови на советот |
|---|---|
| до 5000 | 9 |
| од 5001 до 10.000 | 11 |
| од 10001 до 20000 | 15 |
| од 20001 до 40000 | 19 |
| од 40001 до 60000 | 23 |
| од 60001 до 80000 | 27 |
| од 80001 до 100000 | 31 |
| над 100000 | 33 |

Заклетва

Член 38

Новоизбраните членови на конститутивната седница на советот даваат и потпишуваат свечена изјава, која гласи:
"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија".

Јавност во работата на советот

Член 42

(1) Советот работи на седници.
(2) Седниците на советот се јавни.
(3) За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.
(4) На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Права и должности на членовите на советот

Член 43

(1) Членовите на советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на советот и на неговите постојани или повремени комисии.
(2) Членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот.
(3) Членот на советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во советот.
(4) Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на советот заради присуство на седниците на советот или на комисиите во кои е член.
(5) Членовите на советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со овој закон.

Надлежности на градоначалникот

Член 50

(1) Градоначалникот:
1. Ја претставува и застапува општината;
2. Ја контролира законитоста на прописите на советот;
3. Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината;
4. Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
5. Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на советот;
7. Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
8. Го извршува буџетот на општината;
9. Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
10. Редовно го известува советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
12. Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
13. Раководи со општинската администрација;

14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон.
15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и
16. Врши други работи утврдени со закон и со статутот.
(2) Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

### Контрола на законитоста на прописите пред нивното објавување

#### Член 51

(1) Ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.
(2) Советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.
(3) Ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.
(4) За иницијативата од ставот (3) на овој член градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

### Престанок на мандатот на градоначалникот

#### Член 54

(1) На градоначалникот му престанува мандатот по сила на закон:
- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење над шест месеци;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;
- ако настапи случај на неспојливост за вршење на функцијата согласно со законот со кој се уредуваат локалните избори;
- во случај на неоправдано отсуство подолго од шест месеци и ако престане да биде жител на општината.

(2) За оправданоста на отсуството од ставот (1) алинеја 6 на овој член одлучува советот, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на советот.
(3) Членот на советот кој го заменува градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на настапувањето на еден од случаите од ставот (1) на

овој член е должен за тоа да го извести министерството надлежно за работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

(4) Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (3) на овој член ја известува Владата на Република Македонија, која во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето, констатира дека настапил еден од случаите од ставот (1) на овој член и истовремено иницира постапка за распишување нови избори за градоначалник, во согласност со закон.

(5) Советот, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на одлуката на Владата од ставот (4) на овој член, ќе избере еден од членовите на советот кој ќе ја врши должноста на градоначалникот за периодот до изборот на нов градоначалник, на начин на кој се избира претседателот на советот.

(6) На членот на советот му мирува функцијата член на советот за времето на вршењето на должноста градоначалник во согласност со ставот 5 на овој член.

(7) Изборите од ставот 4 на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од шест месеци.

### Организирање на општинската администрација

### Член 57

(1) За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

(2) Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

(3) Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

(4) Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува советот, врз основа на предлог на градоначалникот.

### Статус на вработените во општинската администрација

### Член 58

(1) Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативноправни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

(2) За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

(3) За вработените во општинската администрација кои вршат административнотехнички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

### Обврски на општинската администрација

Член 60

Општинската администрација:

1. Ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
2. Ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии.
3. Врши стручни работи за советот и за градоначалникот;
4. Го води сметководството на општината;
5. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
6. Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
7. Ракува со документите на општината, и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и
8. Врши и други работи што ќе и ги определи советот и градоначалникот.

### Формирање и укинување на заедничката администрација

Член 61

(1) Заедничките административни тела за извршување на одделни надлежности ќе бидат основани или укинати врз основа на одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на секој од советите на општините.

(2) Врз основа на одлуките од ставот (1) на овој член се склучува писмен договор во кој се утврдуваат: општините кои го основаат заедничкото административно тело; седиштето на заедничкото административно тело; видот, обемот и начинот на извршување на активностите; користењето на објектите и опремата; финансирањето; начинот на укинувањето и контролата на работењето на заедничкото административно тело.

(3) Договорот од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

### Надзор над законитоста на прописите на општината

Член 71

(1) Градоначалникот е должен, во рок од 10 дена од денот на нивното објавување, да ги достави прописите на општината до министерството надлежно за вршење на работите на локалната самоуправа.

(2) Доколку органот од ставот (1) на овој член смета дека прописот не е во согласност со Уставот и со закон, во рок од 45 од денот на доставувањето на прописот, донесува решение за запирање на примената на прописот, со кое ги образложува и причините за запирањето.

(3) Решението од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(4) Органот од ставот (1) на овој член, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на решението од ставот (1) на овој член, до Уставниот суд на Република Македонија поднесува иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на запрениот пропис.
(5) Ако постапката не биде покрената во определениот рок од став 4 на овој член, престанува важноста на решението за запирање на примената на прописот од ставот (1) на овој член, и запрениот пропис станува извршен.

### Услови за распуштање на советот

### Член 75

(1) Советот се распушта, ако:

1. Повторно го донесе прописот што претходно бил поништен или укинат со одлука на Уставниот суд на Република Македонија;
2. Донесе одлука со која се загрозуваат суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија;
3. Не се состане за период подолг од шест месеци и
4. Не го донесе буџетот и годишната сметка на буџетот до 31 март во тековната година;

(2) За настапувањето на еден од условите од ставот (1) на овој член, градоначалникот е должен веднаш да го извести министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.

### Постапка за распуштање на советот

### Член 76

(1) Министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа, во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од членот 75 став (2) на овој закон, до Владата на Република Македонија ќе поднесе предлог за распуштање на советот.
(2) Владата на Република Македонија, во рок од еден месец од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член, ќе донесе решение за распуштање на советот по сила на закон, кое го објавува во "Службен весник на Република Македонија".
(3) За остатокот од изборниот период ќе се распишат нови избори за советот, согласно со законот со кој се уредуваат локалните избори.
(4) Изборите од ставот (3) на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од шест месеци.

### Договори за соработка меѓу државата и општините

### Член 79

(1) Владата може, заради координација при планирањето, програмирањето и имплементацијата на политиките во одредени области или група на области, да склучува договори за соработка со една или повеќе општини во областите од заемен интерес.

(2) Собранието на Република Македонија ќе биде информирано за договори за соработка од ставот (1) на овој член.

## Соработка меѓу Владата и општините

### Член 80

(1) Владата соработува со општините за прашања што се од нивен интерес, и тоа за:

- законите што се однесуваат на општините;
- износот на општата дотација што треба да им се додели на општините во тековната календарска година и
- изворите на финансирање на надлежностите.

(2) За соработката за прашањата наведени во ставот (1) од овој член се подготвува извештај во кој се внесуваат прашањата за кои е постигната согласност и прашањата за кои не постои согласност.

(3) Со законот што се однесува на прашањата од ставот (1) на овој член, до Собранието на Република Македонија се приложува и извештајот од ставот (2) на овој член.

## Здружение на општини на Република Македонија

### Член 81

(1) Здружението на општини, во кое заради заштита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од 2/3 од општините од целата територија на Република Македонија, има право да:

- соработува со Владата по прашањата од значење за општините во Република Македонија;
- иницира донесување на законите што се однесуваат на унапредување на локалната самоуправа;
- дава предлози за проектирање на предлогот на Буџетот на Република Македонија во делот што се однесува на доделување на средства на општините наменети за вршење на надлежностите утврдени со закон и
- остварува соработка со сродни организации од други земји и ја претставува Република Македонија во меѓународни организации на локалните власти.

(2) Здружението од ставот (1) на овој член се основа, организира, функционира и регистрира под услови и на начин утврдени со закон.

## Заштита на уставната положба на општината

### Член 87

Советот и градоначалникот може пред Уставниот суд на Република Македонија да поднесат иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите.

Судска заштита на општината

Член 88

На општините им се гарантира судска заштита пред надлежните судови во однос на актите и на активностите на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија со кои се попречува вршењето на надлежностите на општините утврдени со закон.

Член 105

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Влада на Република Северна Македонија

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот:** | **2. Министерство / орган на државна управа :** |
| **ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | Министерство за локална самоуправа |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| Да се утврди Предлог на Законот | Предлог на закон |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Јулијана Павковска Боцевска, државен секретар<br>Сузана Најкова, раководител на Сектор | +389 2 325 3921 |
| **7. Активност:** | |
| | |

| **8. Вид на барање:** | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

| |
|---|
| **9. Цел на барањето / предложената активност:** |
| Да се утврди Предлог на Законот |
| **10. Врска со владината програма:** |
| |

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| В. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (В-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: ______________________ | | | | |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | | | | |
| 22. Одобрено / Дата: | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | 05/05/2025<br>Ден / месец / год. | ______________________<br>Потпис на министерот | ___ /___ /_____<br>Ден/ месец/год. |